МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број 9 Година XI

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
***www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk***

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2016 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2016 година, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/1**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 ), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**Програма**
**за изменување и дополнување на Програмата**
**за урбанистичко планирање за 2016 година**

Во Програмата за урбанистичко планирање за 2016 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр.15/2015 и 4/2016) се врши изменување и дополнување на начин што:

I. Во главата VI. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО И ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, по точка 4 се додава нова точка 5 која гласи:

5. „ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 08, (опфат помеѓу бул. Илинден, бул. 8 ми септември, бул.Партизански одреди“ и улица Франклин Рузвелт“) Општина Карпош – Скопје (Измена на блокови и градежна парцела кои ќе се утврдат со Планска програма).“

III. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-6118/3**
**Датум:12.07.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 19 (Влае 2), помеѓу бул. "Партизански одреди", ул. "Ацо Шопов", ул. "Војвода Васил Чакаларов" (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 19 (Влае 2), помеѓу бул. "Партизански одреди", ул. "Ацо Шопов", ул. "Војвода Васил Чакаларов" (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош - Скопје, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/2**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15, 44/15, 193/15 и 31/16), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 19 (Влае 2), помеѓу бул. "Партизански одреди", ул. "Ацо Шопов", ул. "Војвода Васил Чакаларов" (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 19 (Влае 2), помеѓу бул. "Партизански одреди", ул. "Ацо Шопов", ул. "Војвода Васил Чакаларов" (Циборовски) и река Вардар, Општина Карпош - Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- **На северо- исток:** осовина на бул. .”Партизански Одреди”,
- **На северо- запад:** осовина на ул. “Ацо Шопов”.
- **На југо-запад:** осовина на ул. "Војвода Васил Чакаларов" (Циборовски)
- **На југо-исток:** осовина на регулирано корито на река Вардар

Површината на урбаниот опфат изнесува П= 34.15 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи, домување во станбени згради, образование и наука, здравство и социјална заштита, комунална супраструктура, парковско зеленило, заштитно зеленило, спорт и рекреација.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1 – домување во станбени куќи
- А2– домување во станбени згради
- В1 - Образование и наука
- В2- Здравство и социјална заштита
- Е2 - Комунална супраструктура
- Д1- Парковско зеленило
- Д2 – Заштитно зеленило
- Д3- Спорт и рекреација

Со планот се одредени
- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,
-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош

**Број: 09-6118/4**
**Датум:12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.646/2 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација со која се врши вклопување на бесправен објект изграден вон плански опфат во идна планска документација**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.646/2 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација со која се врши вклопување на бесправен објект изграден вон плански опфат во идна планска документација, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/3**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 1, алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.646/2, КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација со која се врши вклопување на бесправен објект изграден вон плански опфат во идна планска документација**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-359 од 06.04.2011 година, на Мишо Христовски од Скопје, ул.„Козле“ бр.88/2-3 Скопје, за објект на дел од КП бр.646/2, КО Долно Водно, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-6118/5**
**Датум:12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.646/96 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација со која се врши вклопување на бесправен објект изграден вон плански опфат во идна планска документација**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.646/96 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација со која се врши вклопување на бесправен објект изграден вон плански опфат во идна планска документација, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/4**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 1, алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.646/96 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација со која се врши вклопување на бесправен објект изграден вон плански опфат во идна планска документација**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-215 од 23.03.2011 година, на Пандора Томовска од Скопје, ул.„11 Октомври“ бр.2/4-13 Скопје, со Заклучок за промена на барател утврдувањето на правен статус на бесправен објект УП1 бр.350215 од 18.06.2014 година се менува името на барателот и постапката продолжува на име на лицата: Иванчо Томовски со живеалиште во Пенсилванија, САД и Живко Томовски со живеалиште во Кралство на Холандија, за објект на дел од КП бр.646/96 КО Долно Водно, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-6118/6**
**Датум:12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.422/1 КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши вклопување на бесправен објект изграден вон плански опфат во идна планска документација**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.422/1 КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши вклопување на бесправен објект изграден вон плански опфат во идна планска документација, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/5**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект (зграда 3), изграден на КП.бр.422/1 КОКарпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-1696 од 23.06.2011 година, на Сали Селимов од Скопје, ул.„Васил Аџаларски“ бр. 7а Скопје, за објект (зграда 3) на КП бр.422/1 КО Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот (зграда 3) од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-6118/7**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за поставување на урбана опрема – монтажно демонтажни објекти за обезбедување**

1. Се објавува Одлуката за поставување на урбана опрема – монтажно демонтажни објекти за обезбедување, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/6**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02), Советот на Општина Карпош на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за поставување на урбана опрема – монтажно демонтажни објекти за обезбедување**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош одобрува поставување на урбана опрема – монтажно-демонтажни објекти за обезбедување на плоштади и други објекти во надлежност на општината.

**Член 2**

Местоположбата на урбаната опрема од точка 1 од оваа одлука ќе се определи врз основа на издадени микролокациски услови издадени од страна на Општина Карпош.
Издадените микролокациски услови, ќе бидат составен дел од Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Град Скопје.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош врз основа на оваа одлука и врз основа на закон, да донесе соодветен правен акт за поставување на монтажно демонтажни објекти за обезбедување.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6118/8**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за издавање под закуп на простор (магацини, подрумски простории, помошни простории и друго) во основните училишта на територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за издавање под закуп на простор (магацини, подрумски простории, помошни простории и друго) во основните училишта на територијата на Општина Карпош, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/7**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/02), Советот на Општина Карпош на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за издавање под закуп на простор (магацини, подрумски простории, помошни простории и друго) во основните училишта на територијата на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за издавање под закуп на друг простор (магацини, подрумски простории, помошни простории и друго) во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош:

- ООУ „Аврам Писевски“-Бардовци
- ООУ „Братство“
- ООУ „Вера Циривири-Трена“
- ООУ „Владо Тасевски“
- ООУ „Војдан Чернодрински“
- ООУ „Димо Хаџи Димов“
- ООУ „Јан Амос Коменски“
- ООУ „Лазо Трповски“
- ООУ „Петар Поп Арсов“
- ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“'

Просторот, предмет на издавање под закуп од став 1 на овој член ќе се издава за периодот од една учебна година - 2016/2017.

**Член 2**

Постапката за издавање под закуп на другиот простор (магацини, подрумски простории, помошни простории и друго) во основните училишта од подрачјето на Општината, ќе ја спроведат Комисиите формирани од директорите на општинските оновни училишта, во кои Советот на Општина Карпош ќе именува по еден член за секое училиште засебно.

**Член 3**

Средствата од закупнината да се наменат за потребите на Општинските основни училишта.

**Член 4**

Издавањето на другиот простор (магацини, подрумски простории, помошни простории и друго) во основните училишта на територијата на Општина Карпош да се спроведе по пат на прибирање на понуди врз основа на јавен оглас кој се објавува во средствата за јавно информирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“
во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6118/9**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за давање согласност на годишен план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на годишен план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Карпош-Скопје, донесено на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/8**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14 и 27/16), а во врска со член 59 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за давање согласност на годишен план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на годишниот план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје, донесен од директорот на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“-Општина Карпош-Скопје.

2.Решението да се достави до Јавната установа општинска детска градника „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-6118/10**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за давање согласност на годишен план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана младост“, Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на годишен план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана младост“, Карпош-Скопје, донесено на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/9**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14 и 27/16), а во врска со член 59 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на годишен план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на годишниот план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје, донесен од директорот на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“-Општина Карпош-Скопје.

2.Решението да се достави до Јавната установа општинска детска градника „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-6118/11**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за давање согласност на годишен план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на годишен план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Карпош-Скопје, донесено на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/10**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14 и 27/16), а во врска со член 59 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на годишен план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Карпош-Скопје

1. Се дава согласност на годишниот план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје, донесен од директорот на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“-Општина Карпош-Скопје.

2.Решението да се достави до Јавната установа општинска детска градника „Пролет“, Општина Карпош-Скопје.

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-6118/12**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за давање согласност на годишен план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“, Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на годишен план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“, Карпош-Скопје, донесено на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/11**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14 и 27/16), а во врска со член 59 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на годишен план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“, Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на годишниот план за вработување за 2017 година на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“, Општина Карпош-Скопје, донесен од директорот на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“-Општина Карпош-Скопје.

2.Решението да се достави до Јавната установа општинска детска градника „Мајски цвет“, Општина Карпош-Скопје.

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-6118/13**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје, за финансиско учество за изведба на фекална канализација по дел од улица Новопроектирана 3 и покривање на атмосферски канал непосредно до улицата Новопроектирана 1**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје, за финансиско учество за изведба на фекална канализација по дел од улица Новопроектирана 3 и покривање на атмосферски канал непосредно до улицата Новопроектирана 1, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/12**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје, за финансиско учество за изведба на фекална канализација по дел од улица Новопроектирана 3 и покривање на атмосферски канал непосредно до улицата Новопроектирана 1**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество за воспоставување осработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје по принципот 50/50, за изведба на фекална канализација по дел од улица Новопроектирана 3 и покривање на атмосферски канал непосредно до улицата Новопроектирана 1.

**Член 2**

Општина Карпош во остварувањето на соработката ќе учествува со финансиски средства обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2016 година во износ од 2.263.661,00 денари од кои 1.161.677,00 денари за изведба на фекална канализација по дел од улица Новопроектирана 3 и 1.101.984,00 денари за покривање на атмосферски канал непосредно до улицата Новопроектирана 1.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина пропишана со законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6118/14
Датум: 12.07.2016 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на дел проектот „Со игра до инклузија“**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за реализација на дел проектот „Со игра до инклузија“, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/13**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

## ОДЛУКА
**за одобрување на финансиски средства за реализација на дел проектот „Со игра до инклузија“**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува барањето финансиски средства за реализација на проектот „Со игра до инклузија“, бр.09-6122/1 од 04.07.2016 година, доставено од збратимената општина Стари Град Сараево, Република Босна и Херцеговина.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 15.000 евра.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6118/15**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.1, Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.1, Општина Карпош, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/14**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.1, Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува барањето на финансиски средства како помош за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.1, Општина Карпош, доставено од Зедницата на сопственици на посебни делови на зграда на ул.Никола Парапунов бр.1, бр.11-5995/1 од 30.06.2016 година, во износ од 519.527,00 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-6118/16**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.3, Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.3, Општина Карпош, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/15**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

## О Д Л У К А
**за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.3, Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува барањето на финансиски средства како помош за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.3, Општина Карпош, доставено од Друштво за управување со станбени згради ХАБИДОМ ДООЕЛ Скопје, управител на зградата на улица Никола Парапунов бр.3, бр.11-5424/1 од 14.06.2016 година, во износ од 556.075,00 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-6118/17**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.5, Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.5, Општина Карпош, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/16**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.5, Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува барањето на финансиски средства како помош за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.5, Општина Карпош, доставено од Заедницата на сопственици на станбена зграда на улица Никола Парапунов бр.5, бр.11-5799/1 од 24.06.2016 година, во износ од 426.452,00 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6118/18**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за поставување нов лифт во колективен станбен објект на булевар Партизански одреди бр.101, влез 1, Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за поставување нов лифт во колективен станбен објект на булевар Партизански одреди бр.101, влез 1, Општина Карпош, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/17**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за поставување нов лифт во колективен станбен објект на булевар Партизански одреди бр.101, влез 1, Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува барањето на финансиски средства како помош за поставување нов лифт во колективен станбен објект на булевар Партизански одреди бр.101, влез 1, Општина Карпош, доставено од Заедницата на сопственици на зграда на бул.Партизански одреди бр.101, влез 1, бр.11-4220/1 од 06.05.2016 година, во износ од 606.141,00 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6118/19**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
м-р Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за поставување нов лифт во колективен станбен објект на булевар Партизански одреди бр.111, влез 1, Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за поставување нов лифт во колективен станбен објект на булевар Партизански одреди бр.111, влез 1, Општина Карпош, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/18**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за поставување нов лифт во колективен станбен објект на булевар Партизански одреди бр.111, влез 1, Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува барањето на финансиски средства како помош за поставување нов лифт во колективен станбен објект на булевар Партизански одреди бр.111, влез 1, Општина Карпош, доставено од Друштво за трговија и услуги Хауз Мајстор Плус Дооел Скопје-управител на заедницата на сопственици на бул.Партизански одреди бр.111, влез 1, бр.11-4221/1 од 06.05.2016 година, во износ од 655.670,00 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6118/20**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица 8 Септември, бр.10, влез 1 Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица 8 Септември, бр.10, влез 1, Општина Карпош, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/19**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица 8 Септември, бр.10, влез 1, Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува барањето на финансиски средства како помош за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица 8 Септември, бр.10, влез 1, Општина Карпош, доставено од Друштво за производство, трговија и услуги „Виртус Елиас“ Дооел Скопје-управител на заедницата на сопственици, бр.11-5523/1 од 15.06.2016 година, во износ од 212.267,25 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6118/21**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца – детска градинка „ИНТЕРНЕШЕНАЛ КИДС АКАДЕМИ“ – Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца –детска градинка „ИНТЕРНЕШЕНАЛ КИДС АКАДЕМИ“ – Скопје, донесено на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/20**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 19, став 7 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15 и 27/16), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца –детска градинка „ИНТЕРНЕШЕНАЛ КИДС АКАДЕМИ“ – Скопје**

1. Се дава согласност на Статутот на Приватната установа за деца - детска градинка „ИНТЕРНЕШЕНАЛ КИДС АКАДЕМИ“ – Скопје, донесен од основачот – Елена Нововиќ.

2.Решението да се достави до Приватната установа за деца–детска градинка „ИНТЕРНЕШЕНАЛ КИДС АКАДЕМИ” - Скопје.

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 09-6118/22**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за именување членови на Советот на Општина Карпош во Комисиите за издавање под закуп на простор (магацини, подрумски простории, помошни простории и друго), во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Решението за именување членови на Советот на Општина Карпош во Комисиите за издавање под закуп на простор (магацини, подрумски простории, помошни простории и друго, во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош, донесено на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/21**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување членови на Советот на Општина Карпош во Комисиите за издавање под закуп на простор (магацини, подрумски простории, помошни простории и друго), во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош**

**Член 1**

На предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Карпош именува членови на Советот на Општина Карпош во Комисиите за издавање под закуп на простор (магацини, подрумски простории, помошни простории и друго) формирани во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош (по еден член од именуваните, во комисија) и тоа:

- Марјан Огњановски
- Љиљана Симоновска
- Роберт Живадиновиќ
- Цветанка Бајрактарова Мишевска и
- Даниела Штерјова

**Член 2**

Се задолжува Секторот за дејонсти од јавен интерес да го спроведе ова решение до општинските основни училишта.

**Член 3**

Оваа решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 09-6118/23**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за купување на периодични паркинг картици за корисници – жители на Општина Карпош, од Скопје Сити мол**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за купување на периодични паркинг картици за корисници-жители на Општина Карпош, од Скопје Сити мол, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/22**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за купување на периодични паркинг картици за корисници – жители на Општина Карпош, од Скопје Сити мол**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за купување на 47 периодични паркинг картици за 12 месеци, за корисници-жители на Општина Карпош од улиците „Љубљанска“ бр.1, „Волгогардска“ бр.1, „Волгоградска“ бр.2 и „Манапо“ бр.4, кои аплицирале за бесплатен паркинг простор, врз основа на Одлука за обезбедување на бесплатен паркинг простор за станарите на зградите на улица „Љубљанска“ бр.1, улица „Волгогардска“ бр.1 и улица „Волгоградска“ бр.2, општина Карпош, на паркинг просторот на трговскиот центар Скопје Сити Мол, бр.09-89/6 од 05.01.2016 година и Одлука за обезбедување на бесплатен паркинг простор за станарите на зградите на улица „Манапо“ бр.4, општина Карпош, на паркинг просторот на трговскиот центар Скопје Сити Мол, бр.09-2180/5 од 10.03.2016 година, од правното лице Мацрем ДОО Скопје – трговски центар Скопје Сити Мол, во износ од 626.040,00 денари со пресметан ДДВ.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да потпише договор со Скопје Сити мол – Мацрем ДОО Скопје и да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6118/24**
**Датум: 12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош- Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт “З 04“, опфат помеѓу бул. “Илинден“, бул “8-ми Септември“, р.Вардар и ул. “Љубљанска“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт „З 04“, опфат помеѓу бул.„Илинден“, бул.„8 Септември“, р.Вардар и ул.„Љубљанска“, Општина Карпош-Скопје, донесена на педесет и првата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 12 јули 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6327/23**
**Датум: 13.07.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15, 44/15, 193/15 и 31/16), Советот на Општина Карпош, на педесет и првата седница, одржана на 12 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт “З 04“, опфат помеѓу бул. “Илинден“, бБул “8-ми Септември“, р.Вардар и ул. “Љубљанска“, Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт “З 04“, опфат помеѓу бул. “Илинден“, бул “8-ми Септември“, р.Вардар и ул. “Љубљанска“, Општина Карпош - Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- **На север** осовината на река Вардар,
- **На запад** осовината на ул. “Љубљанска”.
- **На југ** осовината на бул. ”Илинден”.
- **На исток** осовината на бул. “8-ми Септември”.

Површината на урбаниот опфат изнесува П= 56.82 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени згради, големи трговски единици, деловни простори, хотелски комплекси, градби за собири, комунална инфраструктура, комунална супраструктура, парковско зеленило, заштитно зеленило, спорт и рекреација.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А2– домување во станбени згради
- Б2- големи трговски единици
- Б4 - деловни простори
- Б5 - хотелски комплекси
- Б6 - градби за собири
- Е1 - комунална инфраструктура
- Е2 – комунална супраструктура
- Д1 – парковско зеленило
- Д2 – заштитно зеленило
- Д3- спорт и рекреација

Со планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,
-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6118/25**
**Датум:12.07.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Карпош за 2016 година,
2. Одлука за усвојување на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 19 (Влае 2), помеѓу бул.„Партизански одреди", ул.„Ацо Шопов", ул.„Војвода Васил Чакаларов" („Циборовски“) и река Вардар, Општина Карпош – Скопје,
3. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.646/2 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
4. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на дел од КП.бр.646/96 КО Долно Водно во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
5. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект (зграда 3), изграден на од КП.бр.422/1, КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето,
6. Одлука за поставување на урбана опрема-монтажно демонтажни објекти за обезбедување,
7. Одлука за издавање под закуп на простор (магацини, подрумски простории, помошни простории и друго) во основните училишта на територијата на Општина Карпош,
8. Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2017 година на ЈОУДГ „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје,
9. Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2017 година на ЈОУДГ „Распеана младост“, Општина Карпош-Скопје,
10. Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2017 година на ЈУОДГ „Пролет“, Општина Карпош-Скопје,
11. Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2017 година на ЈУОДГ „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје,
12. Одлука за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за финансиско учество за изведба на фекална канализација по дел од улица „Новопроектирана 3“ и покривање на атмосферски канал непосредно до улицата „Новопроектирана 1“,
13. Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на дел проектот „Со игра до инклузија“
14. Одлука за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.1, Општина Карпош
15. Одлука за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.3, Општина Карпош

16. Одлука за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица Никола Парапунов бр.5, Општина Карпош
17. Одлука за одобрување на финансиски средства за поставување нов лифт во колективен станбен објект на булевар Партизански одреди бр.101, влез 1, Општина Карпош
18. Одлука за одобрување на финансиски средства за поставување нов лифт во колективен станбен објект на булевар Партизански одреди бр.111, влез 1, Општина Карпош
19. Одлука за одобрување на финансиски средства за реконструкција-ремонт на лифт во колективен станбен објект на улица 8 Септември, бр.10, влез 1 Општина Карпош
20. Решение за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца –детска градинка „ИНТЕРНЕШЕНАЛ КИДС АКАДЕМИ“ – Скопје
21. Решение за именување членови на Советот на Општина Карпош во Комисиите за издавање под закуп на простор (магацини, подрумски простории, помошни простории и друго), во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош),
22. Одлука за одобрување на финансиски средства за купување на периодични паркинг картици за корисници – жители на Општина Карпош, од Скопје Сити мол и
23. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт “З 04“, опфат помеѓу бул. “Илинден“, бул “8-ми Септември“, р.Вардар и ул. “Љубљанска“, Општина Карпош – Скопје.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**